## Резултати од спроведена анкета
## во средното училиште

Во текот на месец март беше спроведена анкета меѓу учениците од двете општински основни училишта и средното училиште, на вкупно 150 ученици по случаен избор. Анкетата претставува дел од активностите предвидени во Програмата на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво.

**Резултати од СОУ „Наум Наумовски-Борче„ спроведена на 50 ученици од 15 до 18 години.**

**Процентуална опфатеност на учениците во анкета по пол:**




**Број на опфатени на учениците по возраст**



- Добиени одговори на прашањето: Што е детско престапништво?




- Добиени одговори на прашањето: Дали мислиш дека детското престапништво е сериозен проблем?




- Добиени одговори на прашањето: Какво детско престапништво е најчесто во Пробиштип?




- Добиени одговори на прашањето: Кои форми на детско престапништво ги има во Пробиштип?




- Добиени одговори на прашањето: Колку години имаат децата кои вршат детско престапништво?




- Добиени одговори на прашањето: Кои се причините за девијантно однесување?




- Добиени одговори на прашањето: Дали некогаш сте биле сведок на детско престапништво (кражба, тепачките, лошо однесување заради алкохол и дрога, уништување на имот)?




Ако Да каде се случило?




➢ Добиени одговори на прашањето: Кој најмногу може да помогне во спречување на детското престапништво?




➢ Добиени одговори на прашањето: Колку твои врсници познаваш што пушат цигари?










- Добиени одговори на прашањето: Дали некои средношколци доаѓаат во контакт со дрога (некој да им понуди)?




➢ Добиени одговори на прашањето: Каде можат младите да дојдат во контакт со дрога?




➢ Добиени одговори на прашањето: Дали пиење алкохол е често кај средношколците?




➢ Добиени одговори на прашањето: На која возраст првпат младите пробуваат алкохол?




- Добиени одговори на прашањето: Каде најчесто младите користст алкохол?




- Добиени одговори на прашањето: Дали алкохолот влијае лошо на успехот во училиште?




Заклучоци

Учениците имаат **изградени знаења** за тоа што претставува детското престапништво и го препознаваат како **сериозен** општествен проблем. Според нивните одговори, како **најголеми проблеми во рамки на детското престапништво** се издвојуваат **физичкото насилство** и **консумирањето алкохол**, а веднаш зад нив се **пушењето цигари** и **недозволени супстанци**. Високо е и нивото на престапи во делот на **уништување имот**, како што е училишниот инвентар и објекти на јавни површини. **Вербалното насилство на социјалните мрежи** исто така претставува голем и значаен проблем, додека **крадењето** е многу малку застапено, според одговорите на учениците.

Учениците одговориле дека најчесто престапи вршат деца на возраст од **14, 15 и 16 години**, додека појавата на девијантно однесување опаѓа околу 17-годишна возраст.

Средношколците како **главна причина за девијантно однесување** го наведуваат влегувањето во проблематични друштва, веднаш по ова семејните проблеми, а понатаму користењето дрога и консумирањето алкохол. Зад нив следуваат консумирањето алкохол и недозволени супстанции, и на крај влијание на интернетот и социјалните мрежи.

Скоро половина од испитаниците биле сведоци на детско престапништво, најчесто во форма на **тепачки**, **уништување имот** и **други облици на девијантно однесување**, кои се случувале во маалото или пред кафулињата, а многу малку вакви настани имало во училиштето.

Тие сметаат дека најголема улога во **спречувањето** на детското престапништво има **семејството**. Дополнително, значителен број средношколци посочуваат дека поддршка и помош можат да дадат **и центрите за социјална работа**, како и **полицијата**.

Во поглед на **употребата на цигари кај малолетници**, најголем дел од средношколците одговориле дека познаваат голем број свои врсници кои употребуваат **обични цигари**, потоа **снус**, а најмалку користат **електронски цигари**.

Во однос на прашањето дали средношколците доаѓаат во контакт со дрога, најголемиот дел од учениците одговориле дека **не им се познати вакви случаи**, но одреден број дале и **потврден** одговор, кој не смее да се занемари. Кога ги посочуваат местата на можен контакт со дрога, учениците најчесто ги наведуваат **забавите**, потоа **улицата**, како и различни сомнителни **друштва**. Како помалку ризични места каде што би можеле да дојдат во контакт со дрога, учениците ги навеле **училиштето, кафулињата, како и интернетот**.

Во поглед на степенот на консумирање алкохол, учениците навеле дека оваа појава е многу застапена меѓу средношколците, а возраста на која **првпат пробуваат алкохол** најчесто се движи помеѓу 13 и 16 години, најчесто користат алкохол на забави, на улица и во кафулиња.

Најголем дел од испитаниците одговориле дека алкохолот **малку** негативно влијае врз успехот во училиште, помал број сметаат дека **не влијае** врз успехот, но исто така значаен број сметаат дека алкохолот има и многу негативно влијание врз **училиштниот успех.**